Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10,51/11, 123/12, 164/12, 93/13, 163/13, 42/14, 44/15, 192/15, 39/16, 99/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22), Министерството за транспорт и врски, на ден 25.07.2022 година, донесе

## Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиски инфраструктурни градби за систем за вештачки снег – Ски центар Нижеполе со намена Е1.5 – инфраструктури на водоснабдувањето (доводни гравитациони и пумпни цевководи) на дел од КП 1/1, КО Нижеполе,општина Битола, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува Министерство за транспорт и врски на следната веб адреса/и: www.mtc.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиски инфраструктурни градби за систем за вештачки снег – Ски центар Нижеполе со намена Е1.5 – инфраструктури на водоснабдувањето (доводни гравитациони и пумпни цевководи) на дел од КП 1/1, КО Нижеполе,општина Битола, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини:

- Со реализацијата на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.
- Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните активности не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението.

4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

**Министер за транспорт и врски**

**Благој Бочварски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ * СКОПЈЕ

**Бр. 21-1591/7**

**25.07.2022 година**

**Скопје**